

списание за **ПРОМОВИРАЊЕ** на **БИБЛИСКАТА**

# АРХЕОЛОГИЈА

## копање подлабоко

број 12 ● Година II, 2017 ● цена 30 денари ● месечно издание

9771857951005



**Тутанкамоновата авенија на сфинги**

**Ограбувачите на гробници**

**Хауард Картер ја пронаоѓа гробницата на Тутанкамон**



**Сјајот и порочноста на новиот Содом и Гомора**

**Везув го запира животот на древната Помпеја**



Во овој број:

Момчето-цар
# ТУТАНКАМОН



Судбината на
# ПОМПЕЈА



*Тутанкамон бил третиот, последен цар од осумнаесеттата династија, најмоќната и најбогатата династија што воопшто владеела на почвата на древниот Египет. Тутанкамон владеел една декада, до неговата 19-та година, кога се соочил со прерана смрт. Откривањето на неговата гробница од страна на Хауард Картер во 1922 год. се смета за едно од најголемите откритија на сите времиња. Има голем број пишани материјали во врска со смртта на Тутанкамон и со богатствата најдени во неговата гробница, но има многу малку податоци за неговиот живот. Сепак, за фараон кој починал толку млад, тој постигнал навистина многу.*

Тутанкамон оставил статуи кои се навистина импресивни. Една од нив, која е околу 2 метри висока, се наоѓа во музејот во Чикаго. Друга се наоѓа во Лувр во Париз, а една негова сфинга била најдена во 1989 год. во храмот Луксор. Неодамна археолозите беа загрижени за распаѓањето на египетските споменици. Во 1988 год. неколку туристи стоеле до големата сфинга во Гиза кога дел од камен, со тежина од два тони ненадејно се лизнал од рамото на сфингата и се распрснал во облак од прашина во близина на нивните нозе. Кај гробницата во Луксор цртежите се лупат од ѕидовите, и некои од столбовите на храмот во Луксор се распаѓаат. Причината за ваквото распаѓање е непозната. Некои претпоставуваат дека е предизвикано од загадувањето на воздухот, кое несомнено е влијателен фактор. Други претпоставуваат дека е можеби предизвикано од контаминираните слоеви под почвата. Сериозниот пораст на туризмот во Египет е одговорен за зголемените можности за вработување за локалното население, и сите овие дополнителни вработени, сконцентрирани во близина на спомениците, значат дополнителен товар за отпадните системи кои не можат веќе да го издржат тоа. Трети, пак, за ова ја обвинуваат Асуанската брана. Тие мислат дека во минатото годишните поплави ги собирале солените минерали, меѓутоа сега, кога долината на Нил не може да биде поплавена, овие опасни соли се апсорбираат од варовникот во спомениците и така ги уништуваат. Во случај да е ова вистина, во 1990 година властите ја навалиле сфингата алабастер во Сакара (големи древни гробници во Египет) на едната страна и поставиле пластична изолација под неа.



Импресивната двометарска статуа на Тутанкамон денес се наоѓа во Чикаго

## Откритието
## во храмот Луксор

Во 1989 година, во обид да се открие причината за незгодата во Луксор, некои плочки биле отстранети од храмот, со намера да се ископа дупка сè до водното ниво на Нил и да се анализира дали во почвата има некакви штетни минерали. Но, работниците ископале дупка длабока само половина метар кога налетале на нешто цврсто. Статуата била откриена со внимателно испитување. Понатамошното копање открило други дваесет статуи. Една од тие статуи била интригантна сфинга на Тутанкамон. Сега е изложена во подрумот на музејот Луксор. Во еден темен агол во музејот во Каиро се наоѓа надгробната плоча на Тутанкамон, која е многу важна. Таа ја раскажува приказната за тоа како тој се откажал од обожавањето на Атон, кое било поддржано од неговиот постар брат Акенатон, и повторно почнал да го обожава Амон, богот на Теба (сега познат како Луксор). Ова бил многу познат чекор кој би можел да го објасни богатството што било растурено во неговата гробница кога бил закопуван.



Сфингата на Тутанкамон



Авенија на сфинги





## Тутанкамоновата
## авенија на сфинги

На југозападниот агол од храмот на Луксор, авенија од сфинги води до храмот на Карнак. Таа е долга два километри, со сфинги на секои неколку метри. Сфингите што се наоѓаат на јужниот крај се во многу добра состојба затоа што биле закопани илјадници години, но оние на северната страна се во многу лоша состојба бидејќи биле изложени на временските влијанија. Во 1991 година египетскиот оддел за антиквитети започнал да ги ископува стотиците сфинги што се наоѓаат во средината. На југоисточниот агол од храмот на Карнак, авенија од сфинги води до храмот на Мут. Тоа е огромен, но малку познат храм кој е откопан неодамна, иако статуите на божицата Секхмет ѕиркале од повеќе места. Оваа авенија на сфинги била направена од Тутанкамон.

## Гробницата на
## Маја

Еден од највлијателните помошници на Тутанкамон бил неговиот благајник, Маја. Гробницата на Маја била откриена во Сакара од стра-



Благајникот Маја со својата сопруга

на на холандски археолози пред повеќе од сто години. Една убава статуа од Маја и неговата жена биле преместени во музејот Лајден во Холандија. За жал, археолозите во тоа време биле повеќе насочени кон пронаоѓање богатство отколку кон запишување на историјата, и нема ниту една информација за локацијата на оваа гробница. Така, кога поминала песочна бура над површината, гробницата била затрупана и загубена.

Во 1986 год. тим ископувачи наишле на загубената гробница. Тие пронашле уште едни скали кои воделе надолу кон друга гробница. Таму не се пронајдени многу вредни работи, но затоа расветлени се голем број археолошки информации.

Неколку седмици по ова откритие се најдов во музејот Лајден и направив фотографија од статуата на Маја. Ме интересираше натписот покрај статуата. Во него се зборува за загубената гробница, но со претпоставка дека најверојатно еден ден гробницата ќе биде повторно пронајдена. И тој ден дојде.



Ковчегот со богатство на Тутанкамон

## Смртта на Тутанкамон

Пред многу години, со рендгенски снимки е откриено дека Тутанкамон наводно добил удар во главата, веднаш зад левото уво. Бил донесен заклучок дека тој починал токму поради овој удар во главата.



Која била причината за смртта на младиот фараон?

Некои шпекулирале дека бил убиен. Понатамошните рендгенски снимки и скенирања во 2006 открилe дека овој удар бил нанесен по неговата смрт и најверојатно бил резултат на грубата работа на неговиот балсамер. Овие скенирања откриле и фрактура на неговата нога која можеби се инфицирала и ја предизвикала смртта. Постојат многу шпекулации за тоа дали Тутанкамон некогаш учествувал во битка. На страната од неговиот ковчег со богатство, момчетоцар е прикажано во неговата воена кочија, како се бори против своите непријатели. Меѓутоа, не постои пишан доказ дека Тутанкамон учествувал во каква било војна, и многу е поверојатно дека уметниците едноставно го претставувале на овој начин, бидејќи било традиција фараонот да се претставува како воен водач. Што и да се случило, познатото момче-цар се соочило со прерана смрт. Имало околу девет години кога





Гробницата на Тутанкамон

дошло на тронот и приближно деветнаесет години кога починало. Од египетските извори знаеме како балсамерите го балсамирале неговото тело. Најпрвин правеле рез на стомакот и ги ваделе внатрешните органи.




Потоа низ ноздрите правеле дупка во черепот и го ваделе мозокот. Телото било потопувано во натриев карбонат во прашкеста форма и таму стоело четириесет дена, а потоа, наредните триесет дена поминувале во жалење, додека балсамерите ја завршувале својата работа – завиткување на телото во платнени (ленени) ленти потопени во смола. Овој процес е спомenat во врска со закопот на Јаков „*и лекарите го балсамираа Израил. И поминаа четириесет дена зашто толку дни се потребни за балсамирање, и го оплакуваа Египќаните седумдесет дена*" (1. Мојсеева 50,2. 3).

## Гробницата на Тутанкамон

Во меѓувреме гробницата на Тутанкамон во Долината на кралевите се подготвувала набрзина. Таа е наједноставната кралска гробница во долината и не била ни завршена кога се извршил закопот. Има 16 скали накосени кон страната на долината. Еден премин води 10 метри од овие скали до претсобјето. Преминот и претсобјето биле грубо длетувани од варовникот, но ѕидовите никогаш не биле премачкани и на нив нема цртежи какви што има во другите важни гробници во долината.

Одајата што се наоѓа на другиот крај од претсобјето е издлетувана во прави агли. Таа била премачкана и на ѕидовите биле нацртани прекрасни цртежи со сцени од погребување. На внатрешната страна од претсобјето била издлабена соба за складирање и уште една таква соба била издлабена на десната страна од гробницата. Ни ѕидовите на овие соби не биле декорирани. Откако бил извршен закопот и кога сите богатства биле распоредени во четирите соби, отворот помеѓу гробницата и претсобјето бил затворен и запечатен, и две црни дрвени статуи од Тутанкамон биле поставени надвор за да ја штитат гробницата. И вратата помеѓу претсобјето и преминот



Туристите чекаат и со часови пред влезот за да слезат во гробницата

била затворена, премачкана и запечатена. Потоа преминот бил наполнет со камења и влезната врата била заѕидана, премачкана и запечатена

со *картуша* на Тутанкамон и со надгробен печат. Празнината кај скалите била исполнета со камења и Тутанкамон бил оставен засекогаш да престојува во својата гробница. Неговата мумија, која почива во саркофагот и во позлатениот ковчег, денес е сè уште таму.

## Ограбувачите на гробници во акција





Папирусот Абот опишува како им се судело на крадците

Но, жителите на блиското село Курна многу добро знаеле какви богатства се закопани во Долината на кралевите и за време на деветнаесеттата династија ограбувањето на гробниците било во полн ек. Чуварите биле подмитувани и една по друга, кралските гробници биле ограбувани. Во многу случаи мумиите биле немилосрдно раскинувани за да им бидат одземени скапоценостите со кои биле украсени или биле пришиени за ленените ленти со кои биле завиткани. Мумијата на моќниот освојувач, Тутмос III била пресечена на три дела. Единствена гробница која била избегнувана била онаа на Тутанкамон, бидејќи Рамзес VI од дваесеттата династија ја градел својата гробница токму над Тутанкамоновата, и каменоресците кои работеле на гробницата на Рамзес по грешка го фрлале ѓубрето врз гробницата на неговиот претходник. Надлежните лица очајнички се обидувале да ги сопрат скверневењето и кражбите. Папирусот Абот опишува како им се судело на крадците, но сепак незапирливите ограбувачи продолжувале со работа. На крајот властите заклучиле дека обидот за заштита на сите гробници е безнадежен, па одлучиле дека треба да ги сочуваат барем мумиите. Ги собрале од гробниците и 14 од нив ставиле во гробницата на Аменхотеп II, а останатите во гробница која се наоѓала во долината зад Деир ел Бахри, каде што бил изграден храмот-гробница на кралицата Хатшепсут. Тие таму почивале во мир со илјадници години.

## Потрагата по гробници

Овие фараони за првпат биле вознемирувани во 1817 год. кога Џовани Белцони, огромен човек со висина од речиси два метри, истражувал во Долината на кралевите и нашол пет кралски гробници. Ричард Лепсиус ја истражувал долината во 1844 год. и ја открил гробницата на Рамзес II. Во 1881 г. вниманието на Гастон Масперо, директор на Египетските антиквитети, било привлечено од појавата на вредни артефакти на пазарот, кои припаѓале на осумнаесеттата династија. Крадците биле уапсени, а египтологот Емил Бругш (Emil Brugsch) отишол на врвот на ровот каде што биле закопани мумиите. Бругш се спуштил на јаже низ десетметарската дупка и потоа се движел низ премин долг близу педесет метри. На крајот од преминот пронашол уредно означени ковчези со мумии од фараоните од најголемата ера на египетската историја. Мумиите биле земени и спуштени со чамци по реката Нил до музејот во Каиро. Во 1898 год. Виктор Лорет пронашол неколку гробници, вклучувајќи ја и гробницата на Аменхотеп II во која се наоѓале четиринаесетте мумии сокриени од свештениците пред многу долго време. Во 1902 г. американскиот милионер Теодор Дејвис, направил понатамошно истражување на долината. Хауард Картер и други археолози работеле со него и ги пронашле гробниците на Тутмос IV, на Хармхеб и на кралицата Хатшепсут. Но, во 1914 год. Дејвис објавил дека е долината исцрпена, дека веќе нема гробници за пронаоѓање, и се откажал од неговата дозвола.



Џовани Белцони



Внатрешност на гробница

## Хауард Картер ја пронаоѓа гробницата на Тутанкамон

Но, Хауард Картер не се согласил со ова мислење. Како и сите научници, тој знаел дека се пронајдени гробниците на сите кралеви од осумнаесеттата династија, освен гробницата на Тутанкамон, но за разлика од другите, тој бил убеден дека е таа сè уште скриена во долината. Тој обезбедил финансиска поддршка од лорд Карнарвон од Велс, како и дозвола да ископува. Меѓутоа, ништо не можело да се стори сè додека не завршила Светската војна во 1919 година, кога Картер започнал со работа. Четири години тој се мачел непрекинато, пребарувајќи го секој агол од долината, превртувајќи го секој камен, но без успех. Во 1922 година Карнарвон сметал дека е доволно, но Картер го молел да продолжат само уште една сезона. Карнарвон се согласил и археолозите започнале уште една работна сезона. Картер забележал дека има куп урнатини под гробницата на Рамзес VI. Се сметало дека таму нема ништо важно бидејќи во дваесеттата династија биле изградени работнички колиби и нивните урнатини сè уште стоеле таму. Меѓутоа, ова било единственото место во долината кое не било пребарано и Картер сметал дека



Лорд Карнарвон, лево и Хауард Картер, десно



Влезот во гробницата

вреди да направи уште еден последен, очајнички обид. Тој ги задолжил своите работници да го расчистат купот од урнатини. До вечерта на 3 ноември, работничките колиби биле отстранети. Кога во следното утро Картер пристигнал на местото, почувствувал возбуда во воздухот. Работниците му посочиле на контурите од скали на земјата. Скалите мора да воделе кон нешто, но дали кон недовршена или кон ограбена гробница? Картер издал наредба да се расчисти подрачјето. До зајдисонце следниот ден скалите биле доволно расчистени за да може да се види запечатена врата. Картер возбудено го читал посмртниот печат. Било сигурно дека станува збор за гробница од голема важност и дека мора да има нешто вредно внатре. Никој не би се мачел да запечатува празна гробница. За да се осигури, Картер издлабил мала дупка во малтерот и ѕирнал внатре... во премин исполнет со ситни камења. Картер дал наредба повторно да се пополнат скалите и испратил телеграма до лорд Карнарвон во Англија да дојде веднаш.

# Лорд Карнарвон
## пристигнува

Карнарвон и неговата ќерка леди Евелин пристигнале на 23 ноември. Следниот ден скалите уште еднаш биле расчистени, но овој пат сè до шеснаесеттата и последна скала, и сега Картер можел да ја дешифрира надгробната плоча на Тутанкамон. Возбудата се кренала до степен на треска. Но, се појавила една вознемирувачка слика. Картер забележал доказ дека вратата била скршена на горниот лев агол и била отворена. Значи, ограбувачите на гробници биле внатре. Дали зеле сè? 25 ноември бил големиот ден. Вратата била демолирана и започнало расчистувањето на камењата во преминот. Следниот ден работниците дошле до внатрешната врата и Картер, со Карнарвон до него, зел чекан и длето и направил мал отвор. Картер ставил свеќа во отворот за да се осигури дека внатре нема отровни гасови кои би го изгаснале пламенот. Потоа го запалил својот факел и влегол внатре.




3Д нацрт на просториите на гробницата на Тутанкамон

# Блесокот на **златото**

На неговите очи им биле потребни неколку минути да се навикнат на сјајот. Карнарвон не можел да издржи повеќе и го прашал: „Можеш ли да видиш нешто?“ „Да“, одговорил Картер, „многу прекрасни нешта.“ Ова било пронајдок на столетието. Како што рекол Картер: „Насекаде, блесок од злато“. За првпат во илјада години човечки очи се одмориле на прекрасните богатства на кралска египетска гробница. Имало повеќе од 2000 скапоцени предмети закопани со Тутанкамон. Биле потребни седум седмици за да се извадат сите предмети само од претсобјето. Точната локација на секој предмет морала да биде запишана и секој предмет морал да биде фотографиран. Кршливите предмети морало да бидат внимателно изнесени, па дури се преземале посебни мерки за да се спречи нивно кршење при изнесувањето од гробницата. Жиците од бисерните ѓердани биле извадени, но сите бисери морало да бидат задржани по истиот редослед во кој биле најдени за да може ѓерданот повторно да се состави во оригиналниот изглед. Она што било чудно во претсобјето и ги отежнувало пронаоѓањето и вадењето на предметите, биле испревртените предмети. Наместо да бидат уредно наместени во собата, тие биле расфрлани наоколу. Картер заклучил дека тоа било дело на ограбувачите на гробници, кои влегле во гробницата набргу по погребот. Тој претпоставувал дека тие расфрлале сè додека барале мали богатства кои биле лесни за носење. Најверојатно ограбувачите ги растуриле предметите, но исто така било можно да биле оставени во таа состојба од страна на оние што го извршиле погребот. Поголемиот дел од луѓето од Истокот го немаат истото чувство за уредност и ред како она што го имаат современите луѓе од Западот. Всушност, откако била запечатена гробницата, никој не би можел повторно да ги види предметите, па зошто да се грижат за редот?



Гробницата била полна со богатство

# Враќање на **богатствата**

Друг проблем што ја забавувал работата биле некои од големите предмети што биле внесени во гробницата во делови и биле составувани внатре. Отворот на гробницата бил премал за да можат да се внесат или да се изнесат во целост. Големите легла морале да бидат растурени на делови. Илјадниците години практично ги залепиле компонентите и било потребно многу време и внимание за да се одделат. Некои предмети биле внесени во гробницата и не биле повторно составени. Двојно позлатените кочии биле разложени во делови и невнимателно потпрени на ѕидот. Ова не било дело на ограбувачите на гробници. Едноставно, така биле оставени од луѓето што го извршиле погребот. Тутанкамон би можел самиот да ја состави својата кочија ако навистина живеел во сопствената гробница. Најверојатно голем дел од екипата за погреб не бил убеден дека духот на Тутанкамон бил активен во гробницата. Како и поголемиот дел од луѓето денес, тие најверојатно не верувале многу во живот по смртта. Останатото е веќе историја. Издадени се книги што содржат многу прекрасни слики од ретките предмети од таа гробница. Снимени се филмови и ТВ-програми кои ги ставија на екран неверојатните богатства што биле закопани со момчето-цар. Исто така, милиони посетители на музејот во Каиро имале можност со свои очи да го видат богатството што било закопано заедно со овој млад фараон.



Еден од саркофазите на Тутанкамон



Златната кочија

# Изборот на **Мојсеј**

Многу лекции биле научени од ова значајно откритие, но сигурно ништо не било поимпресивно од стихот што го напишал Павле во Евреите 11,23-26. *„Со вера Мојсеј, откако порасна, се откажа да се нарече син на фараоновата ќерка и повеќе сакаше да страда заедно со народот Божји, отколку да ужива во минливите гревовни наслади. Страдањето заради Христос го сметаше за поголемо богатство, отколку ризниците на Египет; зашто предвид ја имаше наградата“.* Во тоа време сигурно би имало многу луѓе кои би мислеле дека Мојсеј го направил погрешниот избор. Тој бил посвоен во кралско семејство и имал можност да биде следниот фараон на Египет. Богатство, почит, моќ, харем со убави жени, и закоп во кралска гробница со сите негови богатства. Гробницата што била пронајдена во Долината на кралевите можела да биде негова гробница. Но, Мојсеј имал визија за доаѓањето на Месија, Христос кој ќе дојде и ќе го жртвува својот живот за загубениот свет, и тој одлучил дека во животот има поважни работи од световниот раскош и од задоволствата. Тој гледал напред, но не кон закоп во кралска гробница, туку кон вечен живот во кралството Господово. Се приклучил на групата робови кои му служеле на суровиот фараон. На почетокот ова изгледало како погрешен избор. Тој морал да побегне од гневот на фараонот и четириесет години бил задолжен да се грижи за овците на свештеникот од Мидиан. Каква спротивност на луксузот и удобноста на дворскиот живот. Дури и кога бил повикан да се врати и да го води народот надвор од Египет, сè одело наопаку. Фараонот со презир одбил да се откаже од Израел. *„Но фараонот рече: ’Кој е тој ГОСПОД, за да го послушам гласот негов и да ги пуштам синовите израилски? Не го познавам тој ГОСПОД, ниту ќе го пуштам народот израилски’“* (2. Мојсеева 5,2). Израелското ропство станало уште построго. Дури и кога казните почнале да ги стигнуваат Египќаните, на фараонот „му отврдна срцето“ и одбил да ги пушти Израелците да си одат (2. Мојсеева 8,15). Сè додека првородениот син на фараонот не се разболел и починал, гордиот монарх не се предавал. Но, дури ни тогаш на Мојсеја не му било лесно. Наместо израелскиот народ благодарно да соработува во избавувањето од ропството, тие приговарале



Мумијата на Тутанкамон - Мојсеј не сакал ваков крај







и се бунтувале во наредните четириесет години, сѐ додека Мојсеј не го загубил трпението и не се лишил од сопственото право да влезе во Ветената земја (4. Мојсеева 20,12). Наместо тоа, тој легнал на пуста планина како уморен војник и заспал. Бог *„го погреба во долината, во земјата Моав“* (5. Мојсеева 34,6).

## Наградата
## на Мојсеј

Но, Бог не го заборавил својот верен слуга. Тој никогаш не ги заборава оние што сакаат да му служат. Токму тогаш кога нештата ни се чинат најтемни, Бог е тука да нѐ избави. Христос дошол во таа осамена долина и го повикал својот слуга назад во живот. *„Смртта царуваше уште од Адам па сѐ до Мојсеј“* (Римјаните 5,14) и тогаш, за првпат во историјата на овој свет, оној што бил починат, воскреснал и бил вратен во живот. Ова покажало дека смртта веќе нема неоспорна моќ. Ѓаволот не бил задоволен од овој напредок. Тој го навел човештвото на грев и го прогласил за свое, да биде заклучено во својот гроб засекогаш. Кога Христос пристигнал со придружба од блескави ангели да го воскресне телото на Мојсеј, ѓаволот се обидел да му се противстави. *„А Архангел Михаил, кога се препираше со ѓаволот за Мојсеевото тело, не се осмели да изрече хулна пресуда, туку рече: 'Господ да те спречи!'“* (Јуда 1,9). Ѓаволот бил отстранет од сцената и Мојсеј станал од гробот за да живее вечно. И кога Исус Христос стапнал на оваа земја како човек, Мојсеј ја имал привилегијата да му служи. На гората на преображението *„им се јавија Мојсеј и Илија, кои разговараа со Него“* (Матеј 17,3).

## Вашиот избор

Кога ќе изберете да го прифатите Христа и да се придржувате кон неговите заповеди, ќе има такви што ќе ви велат дека сте донесле погрешна одлука. И ако работите почнат да одат наопаку, тие ќе се потсмеваат и ќе велат „ти рековме дека ќе биде така“. Животот понекогаш може да ни приреди големи обесхрабрувања. Но никогаш не заборавајте дека Христос е на ваша страна. Вие можете да загубите сѐ во овој живот, но постои вечна круна која ве чека. Павле рекол: *„Понатаму ме очекува венецот на правдата, што ќе ми го даде во оној ден Господ, праведниот Судија; но не само мене, туку и на сите кои се радуваат на Неговото појавување“* (2. Тимотеј 4,8).





# СУДБИНАТА НА
# ПОМПЕЈА



Помпеја со Везув во заднина

Пред 2000 години Помпеја бил прекрасен римски град, 150 км југоисточно од Рим. Помпеја била изградена од Оските во 8 век пред Христа. Во петтиот век била окупирана од Самните, и главните јавни објекти биле изградени во текот на овој период. Во 80-тите години пред Христа Помпеја станала римска колонија и многу богати Римјани и учени луѓе, вклучувајќи го Цицерон (Cicero), изградиле викендички во градот, каде што го поминувале своето време за одмор. Така Помпеја брзо станала место за уживање, а меѓу местата за одмор кои може да се набројат спаѓаат и т.н. *одеон* (место за одржување на музички натпревари) со 1000 седишта, кој бил изграден за љубителите на музиката, и два театри со 5000 и со 1500 седишта, како и










Улици со камења за пешаците


Големи амфитеатри


Гладијаторски борби

спортска сала со базен во центарот. Под римска окупација Помпеја се развила во еден прекрасен, убаво уреден град. Рамни патишта, по чија должина имало издигнати камења, поставени на одредено растојание, служеле како премини за пешаци кои овозможувале граѓаните да преминат од едната на другата страна на улицата, без да ги натопат стапалата при врнежливи денови. Помпеја израснала во област од околу три километри во обем. Богатите луѓе имале убави куќи со прекрасни градини украсени со фонтани. Сè уште може да се најдат остатоци од цевки за вода и фонтани, како и делови од цветните градини. Коцкањето и пиењето биле популарни и имало многу гостилници и продавници за вино во кои се продавало алкохол. И жените слободно уживале во консумирањето алкохол. Трагите од слоганите насликани на некои ѕидови на зградите покажуваат дека имало и рекламирање, односно промоција на кандидати за избори, за продажба на производи и за организирање забави. Амфитеатар со 20 000 седишта бил изграден во исто време како и останатите големи јавни зданија. Гладијаторите се бореле меѓусебе како забава за публиката, која одлучувала дали победениот гладијатор треба да умре или да живее. Гладијаторите се бореле и против диви животни. Понекогаш диви животни се бореле едно против друго. Често пати затвореници биле фрлани пред гладни животни, да бидат проголтани пред крвожедната публика. Историјата сведочи дека имало и жени вклучени во тие случувања – дури имало и жени гладијатори. Како што денес толпи луѓе стануваат емоционално вклучени во фудбалот или во некој друг спорт, во 59 година избила голема борба во амфитеатарот меѓу навивачите-ривали – мажите од Помпеја и оние од близина на Нуцерија (Nuceria) – и многумина од нив биле убиени.


Гостилница со местата каде што се чувало виното








Раскошни куќи со цветни градини и фонтани, и уметнички дела што го прикажуваат развратниот живот на Помпеја


Авионска снимка на древната Помпеја со Везув во заднина



Со цел да ги казни луѓето од Помпеја, Нерон наредил да се затвори центарот и да се прекинат сите активности во следните десет години. Луксузните бордели биле во експанзија. Сè уште забележливите еротски слики на предните ѕидови на зградите сосема јасно отсликуваат какви забави се нуделе таму. Имало многу Евреи што живееле таму, а еден сопственик на куќа напишал на ѕидот „Содом и Гомора". Но дошол крајот на таквото живеење и забава. Во 1 часот попладне на 24 август 79-та година, додека жителите на Помпеја безгрижно биле зафатени со работа и задоволства, земјата почнала да се тресе. Почнал да се шири чад од блиската планина Везув (Vesuvius), кој брзо прераснал во отровен облак и почнал да се спушта кон градот. Уплашените жители, кои имале нејасна претстава дека е планината всушност вулкан, се обиделе да побегнат. Во Помпеја и во блискиот Херкуланеум (Herculaneum) имало околу 40 000 жители, од кои повеќето успеале да побегнат пред облакот да ги зафати улиците и куќите, сепак околу 2000 души, повеќето од нив жени, загинале. Некои починале обидувајќи се да ги земат своите вредни предмети. Други, пак, надевајќи се дека ветрот ќе го однесе чадот, ја искористиле можноста за да извршат грабежи и исчезнале. Еден човек се сокрил во подрум со своето куче, каде што потоа се задушиле од чадот, а стотици години подоцна, археолозите ги нашле отпечатоците од телата. По отровните гасови се појавил дожд од црвени жешки камења, јаглен и лава. Потоа надошла мека бела пепел која ја затрупала Помпеја под слој од цели 6 метри, заштитувајќи ја за современите ископувачи. Блискиот град Херкуланеум бил затрупан со слој од 15 метри. Подоцна дождовите ја отстраниле пепелта од телата на луѓето и животните, а кога се распаднале тие, останале вдлабнатини. Археолозите, откопувајќи ги урнатините 1900 години подоцна, ги откриле овие дупки и ги пополниле со гипс. Откако се стврднал гипсот, се отсликале совршени облици на несреќните луѓе кои одамна ги загубиле своите животи. Многу од овие гипсени лиени фигури може да се видат денеска во Помпеја. Ужасот што ја погодил Помпеја бил многу сличен на оној во Содом и Гомора, околу 2000 години претходно. Во еден од своите говори Исус ја споменува оваа катастрофа и извлекува важна поука. *„Исто така, како што беше во Лотовите дни,"* предупредил Тој, *„јадеа, пиеа, купуваа, продаваа, садеа, ѕидаа; но во денот кога излезе Лот од Содом, падна од небото оган и сулфур и ги погуби сите; така ќе биде и во денот кога ќе се јави Синот Човеков"* (Лука 17,28-30). Лот ги предупредувал луѓето за нивната судбина, но тие мислеле дека не е можно да им се случи тоа. Но се случило. Само Лот и неговото семејство се спасиле од страшниот оган (1. Мојсеева 19,1-29).













Телата на настраданите од вулканската ерупција




Иако на светот му претстојат големи кризи, Исус порачува: „Да не се плаши срцето ваше...“

## Враќањето на Исус

Последната ноќ, која Исус ја поминал со своите апостоли пред предавството и смртта, Тој ги предупредил дека ќе ги напушти, но ветил дека ќе се врати. *„Да не се плаши срцето ваше; верувајте во Бога и во мене верувајте. Во домот на мојот Отец има многу места за живеење. А да немаше, зарем јас ќе ви кажев 'Одам да ви приготвам место'? Кога ќе отидам и ќе ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам кај себе за да бидете и вие каде што сум јас“* (Јован 14,1-3).

По шест седмици, откако Исус воскреснал и се вознесол од Маслиновата Гора, се појавиле два ангела пред неговите апостоли и им кажале: *„Луѓе Галилејци, што стоите и гледате кон небото? Овој Исус, кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак на истиот начин како што го видовте дека оди на небото“* (Дела апостолски 1,11). Како што Исус дошол во тело и бил видлив, така ќе се врати. „Ќе го види секое око“ (Откровение 1,7).

Но второто доаѓање на Исус ќе биде многу поинакво од првото. Дотогаш светот ќе ги има своите можности, а потоа ќе настапи денот за средување на сметките. Исто како што Содом и Помпеја ја доживеале својата судбина, така и овој свет ќе се соочи со својот крај. Гласноговорникот апостол Петар ги предупредил своите читатели дека *„близу е крајот на сè“* (1. Послание на апостол Петар 4,7). Во случај да не ја разбрале пораката, во неговото следно послание тој вели: *„и ќе дојде денот Господов, како крадец во ноќно време; тогаш небесата со голема бучава ќе ги снема, и стихиите ќе пламнат и сè ќе разрушат, а земјата, и сè што е на неа, ќе изгори“* (2. Послание на апостол Петар 3,10). Тоа не значи дека доаѓањето на Исус ќе биде тивко и невидливо, туку дека ќе биде неочекувано како крадец. Всушност, второто доаѓање на Исус ќе биде видливо и гласно. Исус кажал: *„како што молњата излегува од исток и се гледа дури до запад, така ќе биде доаѓањето на Синот Човеков“* (Матеј 24,27). И Павле вели: *„бидејќи сам Господ по заповед, на гласот на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото“* (1. Послание до Солуњаните 4,16).

## Кога ќе дојде?

Никој не го знае точниот датум на доаѓањето на Исус. Тој јасно кажал: *„А за тој ден и час никој не знае, ниту ангелите небесни“* (Матеј 24,36). Но ние знаеме дека се наближува. Според навестувањето на неколку состојби во светот кои







ќе бидат показатели дека Неговото доаѓање е блиску, Исус кажал: *„Кога ќе го видите сето тоа, знајте дека е близу, пред вратата“* (Матеј 24,33). Па кои се овие знаци за скорешното доаѓање на Исус? Тој кажал: *„Ќе слушате за војни и гласови за војни. Гледајте да не се уплашите“* (стих 6). Отсекогаш имало војни, но никогаш толку многу како во последните педесет години. Исус ја предвидел и новата димензија: *„Ќе се крене народ против народ, и царство против царство“* (стих 7). Ова звучи како глобална војна. Не се тоа армии што се борат на оддалечени фронтови, користејќи мечови и штитови и стрели, туку цели нации вклучени во конфликт, кои употребуваат нуклеарно оружје што е толку смртоносно, што сите живи суштества може да ги снема за неколку минути. За првпат во историјата човечкиот род како да седи на временски темпирана бомба.



Потоа ќе има *„глад и помор“* (стих 7). Исус кажал: *„Како што беше во деновите на Ное, така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човеков“* (стих 37). А како било во времето на Ное? Не само што злото било надвор од контрола толку што *„сите мисли и помисли во срцата нивни беа зли во секое време“* туку *„луѓето почнаа да се множат на земјата“* (1. Мојсеева 6,1). Еден од најголемите проблеми со кои се соочува светот денес е преголемата населеност. Во Индија населението секоја година се зголемува за повеќе од 15 милиони. Замислете, секоја година пораст на населението не помалку од вкупното население на Австралија и тоа во земја која не е ни толку голема. На светско ниво, има годишно зголемување на популацијата од 60 милиони. Тоа, едноставно, веќе не може да продолжи така. Земјите од третиот свет го носат товарот на пренаселеноста. Нема доволно храна за сите гладни усти. Пред еден век Европа и Азија можеа да ја пренасочат популацијата на север и на југ, и во Америка, но со оглед на тоа што и таму проблемот станува ист, ова е веќе невозможно. Ако светската популација продолжи да расте со оваа стапка, ќе има таква криза за храна на светско ниво, што ќе биде незамисливо. Ќе се појават и некои смртоносни болести (чума, помор) како резултат на сиромаштијата, неукоста и неисхранетоста. Но наместо да се гледа трезвено на проблемот и да се внимава на последиците, светот брза директно во лудиот вртеж на криминал и задоволства. *„Бидејќи беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе се излади“* (Матеј 24,12). И Павле предупредува дека состојбата нема да се подобри: *„Во последните денови ќе настапат тешки времиња. Зашто луѓето ќе станат себељубиви, среброљубиви, самофалци, горделивци, хулители, непокорни кон родителите... повеќе сластољубиви отколку богољу-*



*биви... А лошите луѓе и лажливците ќе напредуваат во злото“* (2. Послание до Тимотеј 3,1.2.4.13). Веројатно најрелевантното пророштво за крајот на времето се наоѓа во Книгата на пророкот Даниел, кому ангел му кажал: *„Сокриј ги овие зборови и запечати ја оваа книга до последното време; мнозина ќе талкаат овде-онде, обидувајќи се да разберат што се случува... и знаењето ќе се намножи“* (Даниел 12,4.9). Не само што се зголемило библиското и пророчкото знаење, туку и





Напредокот во знаењето сосема го изменил светот



општото знаење се зголемило. Илјадници години луѓето ги правеле истите работи на ист начин, а тогаш дошло до драматична промена. По индустриската револуција дошла жедта за знаење. Од моќта на атомот следувале откритие по откритие со фасцинантна брзина. Не само што е исчезнато времето кога коњите ги движеле возилата, туку ракетите стигнаа до Месечината. Компјутерите го изменија изгледот на општеството и бизнисот. Сево ова треба да ни каже дека сме во времето на крајот.



## Може ли вистински да се случи тоа?

Кога Исус за последен пат го напуштил прекрасниот храм во Ерусалим, апостолите му ги покажале големите и прекрасни камења во градбата на храмот. Наместо да обрне внимание на разбирливата еврејска гордост што ја чувствувале тие, Исус тажно кажал: *„Не го гледате ли сето тоа? Вистина ви велам, нема да остане тука ниту камен на камен да не биде урнат“* (Матеј 24,2). Апостолите останале без зборови. Не прозбореле ниту збор додека оделе накај долината Кедрон и нагоре кон Маслиновата Гора. Тогаш, *„кога седеше на Маслиновата Гора, му пријдоа учениците негови насамо и му рекоа: ‚Кажи ни кога ќе биде тоа и каков ќе биде знакот за твоето доаѓање и за крајот на светот?‘“* (стих 3).

Ние не ја знаеме големината на камените блокови што биле во храмот, бидејќи биле уништени или преместени на некое друго место, но ја знаеме големината на оние што биле употребени при изградбата на ѕидовите околу храмот. Се претпоставува дека и тие во храмот не биле помали. Еден камен блок со кој се потпирала платформата на храмот бил долг 8 метри и тежел 450 тони. Други големи камења употребени при изградбата на третиот ѕид околу Ерусалим биле откопани во 1990 година, а еден таков камен бил долг 10 метри. Не е ни



# ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

АРХЕОЛОГИЈА

Низ прашањата, дадени на оваа и на следната страна, можете да ги проверите и утврдите своите нови сознанија што ги стекнавте читајќи го овој број од БИБЛИСКА АРХЕОЛОГИЈА. Доколку точно одговорите на прашањата од целата серија, ќе добиете **ДИПЛОМА** за завршен курс по Библиска археологија.

## МОМЧЕТО-ЦАР
# ТУТАНКАМОН

***1.*** На која династија ѝ припаѓал Тутанкамон? Одговор:

***2.*** Каде била најдена сфингата на Тутанкамон неодамна? Одговор:

***3.*** Тутанкамон изградил авенија од сфинги, од храмот на до храмот на

***4.*** Кој му бил благајник на Тутанкамон? Одговор:

***5.*** Што ја предизвикало смртта на Тутанкамон? Одговор:

***6.*** Колку дена обично траело жалењето и балсамирањето на египетските мумии?

Одговор:

***7.*** Кој фараон ги фрлал своите парчиња камења на влезот на гробницата на Тутанкамон?

Одговор:

***8.*** а) Кој ја пронашол Тутанкамоновата гробница? Одговор:

б) Во која година? Одговор:

***9.*** Кој библиски лик би можел да биде погребан како Тутанкамон?

Одговор:

***10.*** Прашање за размислување: Дали мислите дека тој библиски лик донел мудра одлука?

Одговор:

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

## ПРОВЕРЕТЕ ГИ СВОИТЕ СОЗНАНИЈА!

# СУДБИНАТА НА ПОМПЕЈА

***1.*** Во која година Помпеја станала римска колонија? Одговор:

***2.*** Во која година била уништена Помпеја? Одговор:

***3.*** Кој друг град бил уништен во исто време како Помпеја? Одговор:

***4.*** Која планина еруптирала и притоа предизвикала уништување на Помпеја?

Одговор:

***5.*** Кои два града биле уништени пред речиси 2000 години? Одговор:

***6.*** Според 2. Петрово 3,10, кога Исус се враќа како крадец,

а) што ќе помине со многу бучава? Одговор:

б) што ќе се стопи со голем оган? Одговор:

в) што ќе изгори? Одговор:

***7.*** Го знае ли некој точниот датум на Христовото враќање? Одговор:

***8.*** Според Матеј 24,33 можеме ли да знаеме кога е близу Христовото доаѓање?

Одговор:

***9.*** Според Даниел 12,4

а) што ќе прават повеќето луѓе во последното време? Одговор:

б) што ќе се зголеми? Одговор:

***10.*** Во 1. Солуњаните 4,16 Павле вели дека Христос ќе дојде од небото со

со звук на и со Божја .

* Што научивте од оваа тема, а има големо значење за вас? (прашање на избор, не влијае на вашиот резултат)

### Ваши податоци

Име и презиме

Телефон

Адреса

Откако ќе ги одговорите прашањата и ќе ги внесете Вашите податоци, исечете го овој лист и испратете го на нашата адреса:

**за Библиска археологија, ул. Влае бр. 42, 1000 Скопје**



Разурнувањето на Ерусалим

чудо што апостолите биле изненадени од предвидувањето на Исус. Единствено што можеле да помислат е дека уништувањето на нивниот прекрасен храм мора да е и крај на светот. Не можеле да замислат дека храмот може да биде уништен од човечки раце. Но токму така се случило!

Всушност, римскиот генерал Тит (Titus) немал намера да го уништи храмот. Поточно, тој направил сè што било во негова моќ да го заштити. Во 70-тите години од првиот век, кога Евреите се побуниле против римската власт, империските трупи го зазеле градот. По долга борба Римјаните конечно ја пробиле одбраната на Евреите. Еврејските поборници биле сигурни дека Бог нема да дозволи храмот да падне во рацете на безбожниците и се повлекле кон ѕидовите на храмот. Тит ги убедувал да се предадат за војувањето да не го скврнави местото на храмот. Бидејќи тие го игнорирале неговото барање, Јосиф (Josephus) му ја кажал втората порака на Тит, „ако не прифатат таков предлог, тие барем ќе го напуштат храмот, и ќе го сочуваат светиот дом за нивна употреба.“ Јосиф Флавиј, еврејскиот историчар, бил на сцената.



Римската војска со пленот од ерусалимскиот храм

АРХЕОЛОГИЈА копање подлабоко

Списание за промовирање на библиската археологија | Број 12, година II, 2017 | Месечно издание | Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Автор на текстот: **Дејвид Даун** | Превод на македонски: **Весна Вучиниќ** | Јазична редакција: **Мелита Томовска** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“**, Поштенски фах 215, 1000 Скопје | Контакт: **071 569 076** | e-mail: **ab.institut@yahoo.com** | Печати: **Аркус дизајн**

Поточно, токму тој ја превел пораката од Тит на еврејски јазик. Јосиф забележал дека Тит кажал: *„Упатувам повик до боговите на мојата земја и до секој бог кој се грижи за ова место... Јас, исто така, им се обраќам и на моите војници и на оние Евреи кои се сега со мене, ви се обраќам и вам, дека немам намера да го скверна вам вашето светилиште, ниту пак да го навредам; не, јас ќе настојувам да ви го сочувам вашето свето место, без оглед дали го сакате тоа или не“* (Wars of the Jews, VI, II, 4).



Но сè било попусто. Евреите продолжиле да се борат од местото на храмот и кога се повлекле назад, еден римски војник одеднаш фрлил запалива материја низ еден прозорец на храмот, и само за неколку минути целиот храм бил опожарен. Тит наредил трупите да го изгаснат огнот, но неговите наредби биле игнорирани бидејќи борбата била во полн ек. Кога завршила борбата, огнот веќе ја уништил празната внатрешност на храмот, заедно со остатоците од градот. Апостолите не верувале дека може да се случи тоа, но се случило.

Има луѓе кои веруваат дека овој прекрасен свет не може да биде уништен, но ќе биде. Единственото прашање е дали ќе бидеме подготвени за уништувањето, кое ќе настапи при второто Христово доаѓање. *„Затоа и вие треба да бидете подготвени, зашто Синот Човеков доаѓа во часот кога не очекувате“* (Матеј 24,44).

**ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ ЧИТАЈТЕ:**

**светилиштето во СИЛОМ**

**ЕЛАМИТИТЕ**

- Луѓето од каменото време
- Ископините во Силом
- Оригиналното светилиште
- Еламитскиот јазик
- Падот на Александар
- Римските пагани и папи
- Пророштво за 2300 години

